590

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
— Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik —
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 14 -05- 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | 26-590/3 | | |


**До**
**Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител м-р Слаѓана Настовска за наставниот предмет по ХЕМИЈА за VIII одд за основно образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 2.4.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет по Хемија за VIII одделение за основно образование. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија на 11.5.2026 година по електронски пат, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 3/2025 и 74/2025, го поднесувам следниот

## ИЗВЕШТАЈ
### за наставниот предмет Хемија за VIII одделение за основно образование

На Конкурсот за учебници во гимназиско образование бр. 26-341/1 од 4.4.2025 година, за наставниот предмет по Хемија за VIII одделение за основно образование се пријавиле три ракописи.

Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст БРО) доставил стручно мислење за сите три ракописи, бр. 09-170/22 од 17.2.2026 година, потпишани од м-р Иванка Мијиќ, раководител во БРО и Лидија Гиноска, советник во БРО. Тие напишале детални стручни аргументирани мислења за ракописите со шифри бр. 20, 21 и 22.

Мислењата се елаборирани прецизно, детално и темелно за сите три ракописи. Тие даваат јасна слика на приложениот материјал. Според комисијата од БРО, ракописите со **шифра 21 и 22 не ги задоволуваат** критериумите за учебник, односно не ги задоволуваат барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет. За овие ракописи според член 14 став 8 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/2025 постапката се прекинува. Мислењата за ракописите со **шифра 20 БРО има позитивно мислење**, без забелешки, со изразени пофалби и според нив заклучокот е дека ракописот ги задоволува барањата за усогласеност со програмата за овој наставен предмет.

Рецензентската комисија во состав: Проф. д-р Валентин Мирчевски, член, Проф. д-р Миха Буклески, член и Весна Баковска наставник во основно образование, член, дава стручно сумарни мислења бр. 26-347/5 и 26-347/6 од 8.4.2026 година. По разгледувањето на приложените ракописи и детална анализа на истите, согласно методологијата за вреднување, забелешките и стручното мислење на членовите на комисијата, се согласува со мислењето на БРО за ракописите со шифра 20.

За ракописот за учебник со **шифра бр. 20** Рецензентската комисија се изјаснила со суперлативи во секој поглед, има мали технички забелешки кои истите се посочени за понатамошна корекција и го оценила ракописот со највисока оценка 4.

Рецензентската комисија, по разгледувањето на ракописот по втор пат, носи стручно мслење со бр.26-590/2 од 11.5.2026 година.

**Рецензентската комисија која по втор пат го прегледува ракописот со шифра бр.20 и констатира дека посочените забелешки укажани претходно се отстранети во целост и истиот еногласно го предлагаат за учебник по предметот Хемија за VIII одделение за основно образование.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно од горенаведеното, земајќи ги во предвид мислењата на Бирото за развој на образованието и на Рецензентската комисија, на членовите на Националната комисија за учебници како член известител за наставниот предмет по Хемија за VIII одделение за основно образование им предлагам **ДА ГИ ПРИФАТИ ИЗВЕШТАИТЕ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА, РАКОПИСОТ СО ШИФРА БР. 20 ДА ГО ПРИФАТИ БИДЕЈКИ СЕ НАПРАВЕНИ СИТЕ УКАЖАНИ КОРЕКЦИИ И ДА ЈА ПРОДОЛЖИ ПРОЦЕДУРАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИСТИОТ.**

Скопје,

Известител,
М-р Слаѓана Настовска